РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5368/2
02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 60-тата седница одржано на 31.01.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-5368/1 од 26.11.2019 година, со содржано барање за испитување на причините за непостапувањето на Основното јавно обвинителство Скопје по поднесена кривична пријава, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-5368/1 од 26.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител – /// на ден 26.11.2019 година поднесена е пријава во која е содржано барање на подносителот за испитување на причините за непостапувањето на Основното јавно обвинителство /// по поднесена кривична пријава од негова страна, и оформен е предмет број 12-5368/1 од 26.11.2019 година.

Во пријавата подносителот наведува дека на 08.06.2018 година поднел кривична пријава до Основен суд ///. Воедно, кон пријавата истиот приложил копија од Известување на Судскиот совет на Република Северна Македонија испратено до него на /// година. Во истото е наведено дека кривичната пријава поднесена од лицето /// на 08.06.2018 година до /// суд /// Судот ја препратил до надлежен орган за гонење на сторители на кривични дела – Основно јавно обвинителство, на понатамошно постапување и одлучување.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Горан Трпеноски**